РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАСИЛЕВО
Бр. 05 - 1535/14
27.11.20.23 год.
Василево

Друштво за геодетски услуги
ГЕО ПРЕМ ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 0302-207/1
29.11.2023 год.
Струмица

# ДОГОВОР

Склучен на ден 29.11.2023 година во Василево помеѓу:

## I. Договорни страни

1. Општина Василево - Василево, претставувана и застапувана од Градоначалникот Славе Андонов, (во понатамошниот текст како Нарачател), буџетски корисник 70901-40800-630-14, жиро сметка 1000000000630-95, депонент Народна Банка на РМ и,
2. ДГУ ГЕО ПРЕМ Дооел Струмица ул.Васил Сурчев бр.29 Струмица, претставувана и застапувана од одговорното лице (во понатамошниот текст како Добавувач) Ѓорги Шарламанов, со ЕДБ МК:4027006148506, ЕМБС:6096948 жиро сметка: 300030000095725, депонент на Комерцијална Банка од друга страна.

## II. Предмет на договорот

**член 1**

Предмет на овој Договор е јавна набавка на геодетско-катастарски услуги за потребите на општина Василево за период од 1 (една) година (сукцесивна набавка).

## III. Вредност на договорот

**член 2**

Единечната цена на услугата без ДДВ изнесува: 215.945 денари.
ДДВ од завршената услуга е: 38.870 денари.
Вкупната вредност на договорот изнесува: 254,815 денари.

## IV. Времетраење на договорот

**член 3**

Договорот се склучува за временски период од 1 (една) година од денот на склучувањето.

## V. Динамика на испорака на услугата

**член 4**

Добавувачот е должен испораката на предметот на договорот да го достави во архивата на општина Василево.

## VII. Изготвување на фактурата

**член 5**

При изготвување на фактурата, добавувачот е должен да ги наведе следните елементи: број на испратница со која е доставен предметот на набавката, со јасно видлива дата на предавање, име и презиме на лицето кое ја примило, број и датум на Договорот, вкупна цена за исплата по фактурата.

## VIII. Начин, услови и рокови на плаќање

**член 6**

Набавувачот се обврзува плаќањето на Добавувачот да го врши на 3 (три) месечни рати од денот на склучување на договорот за вршење на услугата.

## IX. Виша сила

**член 7**

Набавувачот и Добавувачот се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон друга за губиток, повреда или неизвршување на одредбите од овој Договор кои се предизвикани од виша сила.

Под виша сила се подразбира се она што е регулирано со Закон за облигациони односи.

Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата страна, во случај на стапување на виша сила во дејство и се договорат нови услови за исполнување или раскинување на Договорот.

**X. Обештетување**

**член 8**

Добавувачот е должен на Набавувачот да му ја надомести штетата предизвикана поради неисправност или недостатоци на услугата од член 1 од овој договор, согласно Законот за облигациони односи и Законот за заштита на потрошувачите.

**XI. Решавање на спорови**

**член 9**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку не се дојде до прифатливо решение сите евентуални спорови ќе ги решава надлежниот суд.

**XII. Раскинување на договорот**

**член 10**

Кога една од договорните страни нема да ја испони својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање, по писмен пат.

**XIII. Корупциско или измамничко однесување**

**член 11**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

**XIV. Применлив закон**

**член 12**

За се што не е регулирано со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во Р.Македонија.

**XV.Завршни одредби**

**член 13**

Овој Договор е склучен во  (пет) истоветни примероци од кои по 3 (три) за Набавувачот и 2 (два) за Добавувачот.

**Договорни страни:**

| | |
|---|---|
| **НАБАВУВАЧОТ** | **ДОБАВУВАЧОТ** |
| Општина Василево | ДГУ ГЕО ПРЕМ Дооел Струмица |
| Градоначалник | Овластено лице |
| Славе Андонов | Ѓорги Шарламанов |

Друштво за геодетски услуги Дооел ГЕО ПРЕМ увоз-извоз Струмица